# „Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, им пишувал на Кисра, на Кајсер, на Неџаши и на сите владетели – повикувајќи ги кон Севишниот Аллах

Енес, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: „Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, им пишувал на Кисра, на Кајсер, на Неџаши и на сите владетели – повикувајќи ги кон Севишниот Аллах. Тој Неџаши не бил истиот на кого Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, му клањаше џеназе намазот.“
[صحيح] [رواه مسلم]

Енес бин Малик, Аллах нека е задоволен со него, известува дека Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, пред својата смрт им пишал на околните владетели и кралеви, повикувајќи ги во исламот. Им пишал на Кисра – титула што ја носел секој владетел на Персија, на Цезарот (Кајсер) – титула што ја носел секој владетел на Римското царство, и на Неџаши – титула на кралевите на Абесинија (Етиопија). Пратеникот му пишал и на секој друг моќен владетел кој имал власт над луѓето и кој владеел со сила. Енес, Аллах нека е задоволен со него, појаснил дека Неџаши на кого му било испратено писмото – не бил истиот Неџаши што го примил ислам и за кого Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, клањаше џеназе намаз во отсуство.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee